# ПРАВИЛНИК
## за забрането користење на мобилни уреди за време на наставата во ООУ „Живко Чинго“ – с.Велгошти, Охрид

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на користење, чување и одземање на мобилни уреди од страна на учениците за време на наставата во основното училиште ООУ „Живко Чинго“ – с.Велгошти, Охрид.

**Член 2**

Целта на правилникот е обезбедување безбедна, продуктивна и ненарушена настава, како и намалување на одвлекувањето на вниманието кај учениците.

**Член 3**

Учениците се должни своите мобилни уреди да ги оставаат во наставничката канцеларија на дежурниот наставник пред почетокот на наставата.

**Член 4**

Мобилниот уред може да се земе од наставничката канцеларија само доколку наставникот што ја реализира наставата информира дека уредите ќе бидат потребни за наставни цели.

**Член 5**

Телефоните од наставничката канцеларија може да ги земе само дежурниот ученик по претходна согласност на наставникот.

**Член 6**

Строго е забрането користење на мобилни уреди во текот на час, одмор, активности и сите други форми на воспитно-образовна работа, освен кога наставникот даде дозвола.

**Член 7**

Секој наставник/стручен соработник има право да одземе мобилен уред доколку затече ученик како користи мобилен телефон спротивно на правилата.

**Член 8**

Одземениот мобилен уред се доставува во службата на училиштето, каде се заведува и се чува до негово подигнување.

**Член 9**

Одземениот мобилен уред може да го подигне само родител/старател на ученикот.

**Член 10**

Родителот/старателот е должен да потпише изјава за подигнување на уредот, со што се задолжува да разговара со ученикот за почитување на правилата.

**Член 11**

Забрането е користење на мобилен уред за време на час и од страна на наставниците и стручните соработници, освен кога употребата е неопходна за реализирање на наставни или административни активности поврзани со наставниот процес.

**Член 12**

Правилникот стапува на сила по неговото усвојување на наставнички совет.

**Член 13**

За спроведувањето на правилникот одговорни се одделенските раководители, стручната служба и директорот на училиштето.

Претседател на Училишен одбор

/________________/

Магдалена Билбилоска

**Образец 1: Евиденција за одземен мобилен уред**

| Реден број | Датум | Име и презиме на ученик | Одделение | Причина за одземање | Опис на уред (модел/боја) | Лице кое што го одзело | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |

| Ред. број | Датум | Име и презиме на | Одделение | Причина за одземање | Опис на уред (модел/ бој) | Лице кое што го | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**Образец 2: Прием на одземен уред во службата**

Датум на прием: ______________________

Време: ______________________________

Име и презиме на ученик: __________________________

Одделение: __________________________

Опис на уред: ________________________

Предаден од (наставник): __________________________

Примил (стручна служба): __________________________

**Потпис: __________________________**

**Образец 3: Записник за подигнување на мобилен уред**

Јас, ______________________________________________________ (име и презиме), родител/старател на ученикот ______________________________________________, од ________ одделение, денес на датум ____________ го подигнав одземениот мобилен уред.

Потврдувам дека сум запознаен/а со причината за одземање и се обврзувам да разговарам со ученикот за почитување на училишните правила.

Датум: __________________

Потпис на родител/старател: __________________

Потпис на стучен соработник: __________________